Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

# Извадок на дел дневните настани 09.01.2023

Денеска (09.01.2023) во 10.00 часот на ул.„Димо Хаџи Димов" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода И.П.(39) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од четири години за сторено кривично дело по член 193 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

Денеска (09.01.2023) во 01.00 часот во Гевгелија, полициски службеници од Полициската станица Гевгелија го лишиле од слобода М.С.(27) од Гевгелија. За него била распишана потерница поради бегство од Казнено-поправната установа Затвор Гевгелија, а бил баран за доиздржување на затворска казна од осум месеци за сторени кривични дела „телесна повреда" и „неизвршување на судска одлука". Лицето било спроведено во Затвор Гевгелија за доиздржување на казната.

Денеска (09.01.2023) на ул.„Корчуланска" во Ресен, полициски службеници од ОВР Ресен го лишиле од слобода Е.И.(28) од Штип. Тој бил баран со потерница врз основа на  наредба од Основен суд Скопје за издржување на затворска казна. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 08.01.2023 во 16.00 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.С.(39) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.01.2023 околу 09.30 часот, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода А.П.(41) од Велес, затоа што кај него бил пронајден и одземен хероин. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот, ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (09.01.2023) во 03.40 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.М.(41) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.01.2023 во 22.55 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.И.(27) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.01.2023 во 21.15 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Б.(26) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.01.2023 во 12.15 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.П.(35) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.01.2023 од 08.00 до 10.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово извршиле претрес во домот на 47-годишниот И.А. во тетовска Шипковица. При претресот, реализиран со судска наредба, биле пронајдени автоматска пушка, две рамки, 12 куршуми калибар 7,62 милиметри, 4020 евра и 300 франци, за кои постои сомнение дека биле фалсификувани. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (08.01.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 92 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 38 санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, 13 санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), три санкции за возење под дејство на алкохол...

На 08.01.2023 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 26 прекршоци, од кои 20 во населено место и 6 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 16 други видови на прекршоци, од кои 6 за управување возило без возачка дозвола, 5 за возач почетник, 1 за нерегистрирано возило, 3 за некористење сигурносен појас и 1 за непрописно паркирање.

На 08.01.2023 од 11.00 до 16.00 часот, тетовската полициска станица за безбедност  на патниот сообраќај спроведе акциска контрола за брзина со која се движат возилата, во која вкупно откриени и санкционирани се 23 пречекорувања на максимално дозволената брзина надвор од населено место. Три од пречекорувањата биле за повеќе од 70 километри на час. Покрај ова, санкционирани се и 44 прекршоци во населено место, како и 3 други видови сообраќајни прекршоци. На возачите-прекршители изготвени им се законски предвидените поднесоци и ќе се соочат со соодветни парични глоби, а за оние кои пречекориле за повеќе од дозволеното ќе следи и времено одземање на возачките дозволи од три месеци до една година.

На 08.01.2023 во 21.10 часот во СВР Битола било пријавено дека на регионалниот пат Битола-Маково, кон с.Новаци, патничко возило „опел" со битолски регистарски ознаки, управувано од А.Т,(27) од с.Долно Оризари, битолско, излетало од коловозот. Во несреќата, А.Т. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничка болница Битола. Увид извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 08.01.2023 во 14.15 часот во СВР Тетово било пријавено дека на локалниот пат с.Челопек-с.Стримница, пред влез за с.Стримница, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф", управувано од И.С.(55) од с.Челопек и патничко возило „фолксваген голф", управувано од Н.И.(58) од с.Стримница, двете со тетовски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Ѓ.И.(61) од с.Стримница, сопатничка од возилото кое го управувал Н.И., а со телесни повреди се здобиле возачот Н.И. и малолетен сопатник од возилото кое го управувал И.С., констатирани во Клиничката болница во Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

Денеска (09.01.2023) во 13.40 часот на ул.„Стив Наумов" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода М.К.(20) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница по наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години и шест месеци за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

Денеска (09.01.2023) во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Г.(21) од с.Сингелиќ, скопско и 16-годишник од Скопје. Тие се сомничат дека околу 10.10 часот пред продажен објект на ул. „Жегљане" извршиле разбојништво од возило „пежо боксер", сопственост на фирма. Имено, тие пред објектот со закана од вработениот дистрибутер А.Ш.(39) од Скопје одзеле пари од дневниот промет, по што заминале со возилото „пежо боксер", а во с.Стајковци дел од производите префрлиле во друго возило, но набргу биле фатени и приведени. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.01.2023 во периодот од 21.30 до 22.30 часот, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола извршија акциска контрола во објект на ул. „Караорман" во Битола, при што било утврдено дека во објектот неовластено се организира комар. При контролата во објектот биле затекнати О.М., Е.Ш., Р.О., В.Р., М.Д., Н.А., Ѓ.А., Е.Р., И.Е., Р.А. и Б.М., сите од Битола. Кај нив биле пронајдени и одземени повеќе банкноти во различни апоени. Лицата биле лишени од слобода и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена пријава по член 398 од Кривичниот законик.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против А.Е.(64), државјанин на Турција, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци". Пријавениот, на 18.05.2022 основал правно лице во Кичево за што во канцеларијата на адвокат од Кичево потпишал изјава за основање, каде навел дека седиштето на правното лице ќе биде на адреса на која сопственикот на станот немал дадено согласност и немал сознание дека адресата на која се наоѓа неговиот стан е употребена како седиште за правно лице.

Во текот на вчерашниот ден (08.01.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 404 возачи. Од нив 31 возило се движело со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволената брзина, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 219 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 185 надвор од населено место.

Денеска (09.01.2023), полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Г.(35) од Скопје затоа што во угостителски објект на ул.„Бутелска" со уште неколку лица агресивно се однесувал кон сопственичката и вработените и оштетил дел од инвентарот. Лицето било задржано во Полициската станица Кисела Вода и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.01.2023 во 22.30 часот во с.Долно Лисиче, скопско, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода В.Ј.(38) од Скопје затоа што физички го нападнал неговиот малолетен син. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.01.2023 во 22.15 часот во Полициската станица Кичево, Д.М.(47) од Кичево пријавил дека на ул.„Борис Кидрич" во Кичево бил каснат од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет